Математички Билтен ISSN 0351–336X
**30** (LV)
2006 (85–86)
Скопје, Македонија

**In memoriam**

## Никола Пандески

Д-р Никола Пандески е роден 1948 година во Охрид, каде што завршил основно и средно образование. Во 1971 година дипломирал на групата математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, а во 1972 година е избран за асистент на Институтот за математика при спомнатиот факултет. Во 1971 година се запишал на последипломски студии на Институтот за математика при ПМФ во Скопје и магистерскиот труд "Лиеви групи и петтиот проблем на Хилберт" го одбранил во јануари 1977 година.

Во 1984 година ја одбранил докторската дисертација "Максимални идеали на алгебрата $H_\infty$ од ограничени аналитички функции во единичната топка од $S^p$." Истата година е избран во звањето доцент по математичка анализа, за да во 1993 година е избран за вонреден професор, а во 1998 година за редовен професор по

математичка анализа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Изведувал настава по Комплексни функции, Нумеричка анализа за групата математика, Математика I и II за физичари, Математика I за групата математика-физика и Диференцијално и интегрално сметање за информатика. Исто така изведувал настава по Математика и на Шумарскиот факултет, а има учествувано и во спроведувањето на наставата по Математика на Педагошкиот факултет во Штип. На последипломските студии по математичко образование одржувал настава по Споредбено образование и современи образовани системи, а на постдипломците по теориска математика им одржувал стручни семинари од областа на Дистрибуции, Конформни пресликувања, $H_p$ простори и др. Бил ментор на осум магистерски трудови и на две докторски дисертации, а бил член во комисии на уште неколку магистерски трудови и седум докторски дисертации. Тој бил ментор и на повеќе од 100 дипломски работи.

Научниот интерес на д-р Никола Пандески беа проблемите од Аналитичките функции, Теоријата на дистрибуциите-обопштени функции, како и Интерполационите проблеми.

Учествувал со свои соопштенија на меѓународни конференции во Аранѓеловац, Белград, Будва, Херцег Нови, Петровац, Ниш, Нови Сад (СР Југославија), Пловдив, Софија и Варна (Бугарија), Охрид (Македонија) и др. Во 1973 година бил на студиски престој во Загреб (Хрватска) а во 1977-78 година на студиски престој на Универзитетот Беркли (Калифорнија, САД).

Во периодот 2002-2005 година беше продекан за меѓународна соработка на ПМФ кога се остварени голем број контакти со реномирани научни институции од странство. Беше и претседател на организациониот комитет на Третиот конгрес на математичарите на Македонија (Струга, 2005). Исто така беше уредник и рецензент во повеќе списанија.

Беше раководител на два научни проекти, финансирани од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Освен тоа беше и учесник во проект работен под раководство на проф. д-р Драган Димитровски.

Има објавено учебник по математичка анализа за физичари, еден учебник по Математика за учениците од прва година на средното стручно образование, како и 32 научни труда во домашни и странски списанија.

Почина во август 2006 година.

Институт за математика
при Природно-математички факултет во Скопје